38572

Н. М. „Лик", 16. X. 1991, 141, 16.

ОД СИНОЌА ВО ПРИЛЕП

# Втор Живот на „Фреската за НОВ"

**● Ова дело, изведено во Старата железничка станица во Скопје и уништено во скопскиот земјотрес, авторот Борко Лазески повторно го изработи во Домот на културата во Прилеп. – Свечено отворање на синоќешната прослава на Денот на македонското востание**

Сликарот и фрески Борко Лазески неодамна во Прилеп, во Домот на културата „Марко Цепенков", ја заврши изработката на познатото дело „Фреската за НОВ", на кое работеше две лета.

Фреската за НОВ, во почетокот на 50-тите години беше изведена во Старата железничка станица во Скопје, како едно од најголемите и највредни примероци на соц-реалистичкиот период од нашата современа ликовна уметност. По неговото целосно уништување во скопскиот земјотрес од 1963 година, долго време беше барано соодветно место за неговото обновување.

Во Домот на културата во Прилеп оваа фреска ја има задржано речиси во целост првобитната пропорција. Поради просторот, „Фреската за НОВ" во својата втора варијанта наместо 225 квадратни метри изнесува 200 и е подлено во два дела. Сместено е во холовите лево и десно од централната сала. Фреската е работена според оригиналните картони кои уметникот ги имаше зачувано и пред неколку години прикажано на својата ретроспективна изложба во Музејот на современата уметност во Скопје.

„Фреската за НОВ" синоќа беше отворена во рамките на свечената прослава на 50-годишнината на 11 Октомври во Прилеп.

С. Ѓ.



Борко Лазески: „Фреска за НОВ", 1991, Прилеп